РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1216/6
20 07. 2023 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото Образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото Образование на Република Северна Македонија, на својата 57 седница одржана на 27.04.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Албанолошки студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Албанолошки студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по Албанолошки студии /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Albanian Studies.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Начно – истражувачко поле: 604 Наука за јазик, 612 Наука за книжевноста, Научно – истражувачка област: 64001 - Албанологија, 64012 - Компаративна лингвистика, 64018 - Граматика, семантика, семиотика, синтакса 64026 - Литературна критика, 61208 - Историја на албанската книжевност.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 08-2149/5 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Албанолошки студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на Факултет за јазици, култури и комуникации, Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-4375/6 од 07.12.2022 година (наш бр. 08 - 1216/1 од 09.12.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото Образование, орган на Агенција за квалитет во високото Образование, на 49-та седницата одржана на 23.12.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1216/3 од 03.05.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото Образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото Образование, на својата 57-та седница одржана на 27.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова